**Дали Република Македонија ја подржува хуманитарната интервенција како правен основ за употреба на сила?**

Во основа РМ подржува хуманитирна интервенција во случаи, и по принципот case by case, кога се исцрпени сите мерки што треба да бидат преземени од страна на суверените држави согласно Повелбата на ОН, вклучително глава VI и VII, надлежноста на СБ на ОН, имајќи го предвид  и принципот на одговорност да се заштити  (R2P).

Во последните неколку децении, поедини држави, коалиции на сили или воени сојузи – НАТО, донесоа одлука за употреба на сила по основ на хуманитарна интервенција, која не беше авторизирана од страна на СБ, поради противење на некои од постојаните членки на СБ на ОН.

Во секој случај, кога постои дилема дали да се употреби воена сила со цел да се подржи хуманитарна интервенција треба да се имаат предвид поголем број на одлучувачки фактори, со цел истата да биде употребена како последно средство.

РМ во рамките на ОН, на иницијатива на Франција и Мексико, ја подржа декларацијата “Political Declaration on Suspension of Veto Powers in Cases of Mass Atrocity”', за доброволно откажување од употребата на вето од страна на постојните членки на Советот за безбедност на ОН кога Советот се соочува со случаи на масовни злосторства.

Во иста насока, РМ ја поддржа и инцијативата на групата ACT - Acountability, Coherence and Transparency (ACT) за усвојување на тнр. "Code of Conduct regarding Security Council action against genocide, crimes against humanity and war crimes". Со него се повикуваат сите членки на СБ на ОН, постојани и непостојани, да не гласаат против било која кредибилна резолуција со која се превенираат или спречуваат масовни злосторства.